**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27-09-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4601 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Како и во првиот, така и во вториот десетдневен период, од 12 до 21 септември 2016 година, од мониторингот на изборното медиумско претставување, на програмскиот сервис на трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг согласно Методологијата. Радиото емитува вести со

времетраење од 1 до 2 минути, на секој половина час, поврзани со најактуелните теми и случувања од земјата и светот.

***Посебни информативни емисии***

*Други информативни програми*

Во анализираниот период емитувани се три изданија на емисијата „Ноќен експрес", едно издание на „Стадион" и три изданија на емисијата „Моја општина".

*„Ноќен експрес"*

Емисијата „Ноќен експрес" со водителот Столе Наумов и ководителите Петрит Сарачини и Зоран Маџовски, од 19 септември 2016 година, почна да се емитува два пати неделно, односно да има две премиерни изданија во понеделник и среда. Сите три емисии во овој извештаен период беа на различни теми од секојдневното живеење со повеќе соговорници, како и телефонски јавувања на слушатели. Водителите на емисијата се трудеа да дадат и релаксиран белег преку шеговити прашања, вицеви и анегдоти од животот.

На 14 септември 2016 година, се емитуваше премиерно издание на „Ноќен експрес" на тема „Коцката/обложувањето". Гостин беше Татјана Стојановска Иванова – социолог, универзитетски професор. Се разговараше за спортското обложување како начин на живеење до создавање на зависност, за тоа дали на луѓето без работа или со мали примања тоа им е дополнителен приход, за врската помеѓу сиромаштијата и обложувалниците и тн. Се емитуваше и прилог со Сократ Манчев од терапевтската заедница „Покров" од Струмица, каде што се рехабилитираат зависниците од коцка, алкохол и наркотици. Беше емитувана анкета со обложувачи и вработени во обложувалници, а имаше и телефонски јавувања. Репризата на оваа емисија беше на 17 септември 2016 година.

Второто премиерно издание на емисијата беше на 19 септември 2016 година, на тема - полицијата и заштитата на човековите права, со прашањата: Дали полициската приказна е блуз приказна? Се работи ли на стандардите и на подобрување? Гостин беше професорот Гордан Калајџиев. Се разговараше и за последниот извештај на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во МВР, објавен за првото полугодие на 2015 година. Телефонски во емисијата беше вклучен Оливер Андонов, дополнителниот заменски министер во МВР, кој даде свое видување за извештајот, истакнувајќи дека е повеќе технички проблем, што не е публикуван, и дека Секторот работи нормално. Се емитуваше и прилог во кој соговорник беше Марјан Кицев вработен во МВР и д-р по правни науки, а тема беше прашањето како граѓаните да бидат главната цел за полицијата, а не да и служат на партиите? Со одговори на прашањата: Дали полицијата ги штити правата на граѓаните?; Кој беше првиот министер на МВР во независна Македонија?; и Колку министри имавме на МВР до сега?; во емисијата беа вклучени повеќе слушатели. На крајот од емисијата, како слушател се јави и Стојанче Ангелов, претседател на партијата Достоинство, кој одговораше на прашањата како поранешен припадник на МВР за тоа дали се соочил со внатрешна контрола, со повреда на човековите права, и пречекорувања на овластувањата?

Третото премиерно издание на „Ноќен експрес" од 21 септември 2016 година, беше на тема - Како заробениот од државата заеднички простор влијае на идентитетот на заедницата и на социјалната кохезија? Како вовед во темата беа поставени тезите: Вистински заеднички проблеми, а се делиме; Зошто кај нас се се сведува на националниот, верскиот, етничкиот идентитет, а се друго се запоставува? Гостин во емисијата беше Арсим Зеколи, професор и колумнист. Се емитуваше и разговор со Ибрахим Мехмети, извршен продуцент на серијата „Наше маало", која се снимаше од 1998 до 2004 г, а имаше за цел да се претстави мултикултурното и мултијазичното богатство преку приказна за децата. На крајот од емисијата беше емитувана изјава од Ивана Васев од Фестивалот Акто за промовирање на современата и независна

уметност, на прашањето - Како да се чувствува уметникот и може ли да ја зачува независноста? На прашањето - Што подразбираат под идентитет? – имаа можност да се изјаснат и слушателите.

*„Стадион"*

Емисијата „Стадион" со водителката Весна Коловска се емитуваше на 17 септември 2016 година. Темата беше: „Патот до правдата е еден". Во воведот водителката цитираше изјава на обвинителката Фатиме Фетаи од прес-конференцијата на СЈО по повод една година на ова обвинителство. Потоа најави дека за 8 дена може да биде закажан судски процес на кој може да се најде и најмоќниот човек во државата; дека Уставниот суд закажал седница, но дека нема да расправа за уставноста на СЈО; и дека ВМРО-ДПМНЕ и актуелната влада во коалиција со ДУИ, ад-хок носат Буџет за 2017 година, што било невообичаено за овој период, затоа што буџетот вообичаено се носел кон средина на октомври и почеток на ноември. Потсетувајќи на случувањата од 24 декември, во врска со буџетот потенцираше дека, според аналитичарите, тоа било така за Владата да се обезбеди со нов буџет и дека веројатно ќе создаде нова политичка криза, а на овој начин ВМРО-ДПМНЕ се обезбедува. Беше направен и осврт на тоа што се коментираше во медиумите по обвиненијата на СЈО за уништувањето на документите и нападот на Општина Центар. Се емитуваа изјави на адвокатите Александар Тортевски и Ѕвонко Давидовиќ дадени за друг медиум, а водителката ја издвои изјавата на еден од адвокатите дека „многу е можно судиите да се уценети максимално преку тие снимки и ги чуваат и кога ќе дојде време ќе ги активираат". Беа цитирани делови од соопштението на ВМРО-ДПМНЕ по прес-конференцијата на СЈО и пренесена изјава на Зоран Заев од интервју во која вели дека ако не се случи Судот да донесе одлука за СЈО, тогаш 200 илјади народ ќе се истури на улиците, жестоко ќе реагираат граѓаните, а со нив и опозицијата, и дека во таков случај најмалку важно ќе е прашањето дали ќе има избори или не. Во текот на емисијата, за работата на СЈО се емитуваа и изјави на Александар Пандов и Александар Даштевски, како и снимки од прес-конференцијата на СЈО, со обвинителките Фатиме Фетаи и Катица Јанева, а во врска со обвиненијата. Во емисијата се вклучуваа и слушатели кои беа со различни ставови.

*„Моја општина"*

Емисијата „Моја општина" содржи краток информативен блок во кој се претставуваат настани и редовни активности на општините. На 17 септември 2016 година, беа реализирани три изданија на емисијата „Моја Општина" кои беа посветени на општините Струмица, Тетово и Куманово. Времетраењето на емисиите е поголемо поради музичките нумери меѓу два прилога.

Во „Моја општина – Струмица" (09:37:50–09:50:07) се претставени три случувања: приемот на алпинистката Билјана Серафимовска која го освои Килиманџаро кај градоначалникот Зоран Заев со тонски парчиња од двајцата; изградба на парк во село Куклиш, петти по ред во Општина Струмица, со директно обраќање на Панче Беџовски-советник за план и анализа; и информација дека до 19 септември трае повикот за поддршка на старт-ап проект за вработување на невработените лица со тонско парче од Тони Милушев, раководител на одделението за локален економски развој кој нагласи дека општината учествува со 1.200.000 денари, а другата половина е грант од фондацијата Отворено општество.

„Моја општина – Тетово" (13:07:40–13:18:18) беше претставена со три прилози. Во првиот се зборуваше за чистење на коритото на реката во селата Речица и Шипковица, како и на реката Пена која минува низ Тетово. Вториот беше за средбата на градоначалничката Теута Арифи со амбасадорот на Шведска и неговиот заменик, на која станало збор за работата на Општината и за политичката состојба во РМ. Третиот прилог беше за протестите на средношколците од македонска националност од гимназијата „Кирил Пејчиновиќ". Градоначалничката Арифи имала средба со родителите на децата и со министерот за образование и заменик министерот за транспорт и врски. Емитувана е и изјава на Арифи во врска со договореното.

Во „Моја општина – Куманово“ (17:16:15 – 17:32:55) се информира за: изложба на фото кино клубот „Козјак“ на тема „Карпино 2016“; летна ликовна колонија во Пелинце; 70 години постоење и успешна работа на здружението на пензионери; одржана свечена академија; завршувањето на 20-от меѓународен тамбурашки фестивал во Куманово под покровителство на Општината и на Министерството за култура; и за изложба на слики на Маја Јакимовска.

***Сектор за програмски работи***